## Мешовит парламентарен комитет –
## Европска Унија и Северна Македонија

17-ти состанок

18-19 декември 2019 година, Стразбур

**ПРЕПОРАКИ**

Мешовитиот парламентарен комитет го одржа својот 17-ти состанок во Стразбур на 18 и 19 декември 2019 година под заедничко претседателство на **г. Андреас ШИДЕР** (С&Д, Австрија) и **г-ѓа Соња МИРАКОВСКА** (НСДП, Република Северна Македонија).

На овој состанок, Комитетот оствари размена на мислења со

- **г. Андреј ЖЕРНОВСКИ,** заменик министер за надворешни работи, во име на Владата на Северна Македонија,

- **г. Дејвид КУЛЕН**, шеф на Одделот за Република Северна Македонија, Директорат за соседска политика и преговори за проширување, во име на Европската комисија,

- **г. Габриеле ВИНСЕНТИН,** шеф од Одделот за меѓу-институционални односи, координација на политики и јавна дипломатија, во име на Европската служба за надворешни работи, и

- **г. Илхан КЈУЧУК**, постојан известител на Европскиот парламент за Северна Македонија.

Мешовитиот парламентарен комитет размени мислења за односите меѓу Европската унија и Северна Македонија, за владеењето на правото, реформите во судството и борбата против организираниот криминал и корупцијата, како и подготвеноста на изборниот систем и предложените реформи пред одржувањето на предвремените парламентарните избори.

Мешовитиот парламентарен комитет, согласно со членот 3 од неговиот Деловник за работа, ги упатува следниве препораки до институциите на Северна Македонија и на Европската унија:

Земајќи ги предвид:

А. Заклучоците на Европскиот совет од 18 јуни 2019 година за процесот на проширување и стабилизација и асоцијација, заклучоците на Европскиот совет од 17-18 октомври 2019 година и заклучоците на претседателството од 15 октомври 2019 година за проширувањето и процесот на стабилизација и асоцијација,

Б. Комуникацијата на Европската комисија од 29 мај 2019 година за политиката за проширување на ЕУ и Извештајот за Северна Македонија за 2019 година,

В. Препораките од 16-тиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет од 28 март 2019 година во Стразбур,

Г. Заклучоците од вториот дијалог Жан Моне со Собранието од 23 јуни 2019 година,

Д. Резолуциите на Европскиот парламент од 29 ноември 2018 година за Извештајот на Комисијата за 2018 година (2018/2145 (ИНИ)) и од 24 октомври 2019 година за започнување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија (2019/2883 (РСП)),

Ѓ. “Резолуцијата за започнување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија: одржување на кредибилитетот на ЕУ и геостратешките интереси”, на Европскиот економски и социјален комитет од 31 октомври 2019 година;

Е. Заедничкото писмо од 3 октомври 2019 година од страна на претседателите Туск, Сасоли и Јункер и новоизбраната претседателка Фон дер Лејен за отворање на пристапните разговори со Северна Македонија и Албанија,

Ж. 15-тиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација од 19 март 2019 година,

З. Декларацијата на самитот ЕУ-Западен Балкан од 17-18 мај 2018 година и Софиската приоритетна агенда,

Ѕ “Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните”, потпишан на 17 јуни 2018 година во Преспа,

И. Потпишувањето на Протоколот за пристапување во Северноатлантската договорна организација (НАТО) од 6 февруари 2019 година, со што се отворија вратите за Северна Македонија да стане 30-та членка на НАТО;

1. Посочува на препораката на Европската комисија, во светло на значително постигнат напредок и исполнувањето на условите кои беа едногласно поставени од страна на Советот во јуни 2018 година, дека Советот ќе ги отвори преговорите за пристапување со Северна Македонија;

2. Ги вреднува испорачаните видливи резултати во клучните области утврдени во Заклучоците на Советот од јуни 2018 година, како што се правосудството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на разузнавачките служби и јавната администрација од страна на Северна Македонија, како и оние за решавањето на повеќедецениските билатерални прашања; повторува дека потпишувањето на билатералниот договор за пријателство со Република Бугарија и спроведувањето на договорот од Преспа со Грција ја покажува јасната решеност на Северна Македонија да промовира регионално помирување, взаемно разбирање и добрососедски односи, како и да продолжи со спроведувањето на потребните реформи; ја нагласува потребата да се задржи фокусот на понатамошен напредок и целосна имплементација на овие реформи;

3. Потсетува на заклучоците на Советот и на Европскиот совет, од 26 и 28 јуни 2018 година, кои го поставија патот за отпочнување на пристапни преговори во јуни 2019 година; забележува на заклучоците на Советот од 18 јуни 2019 година, да се наврати најдоцна до октомври 2019 година на прашањето на препораката на Комисијата за отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија;

4. Го осудува, според тоа, неуспехот за постигнување согласност за отпочнување преговори за пристапување со Северна Македонија и Албанија на состанокот на Европскиот совет во октомври 2019 година;

5. Ги повикува Советот и земјите-членки да ги препознаат негативните влијанија од недонесувањето одлука за целиот регион и целокупната стабилност на ЕУ, истакнувајќи со загриженост дека ова може да им овозможи на други странски чинители, чија активност не може да биде во согласност со вредностите и интересите на ЕУ, да соработуваат поблиску со Северна Македонија и Албанија; ги повикува сите земји-членки да се заложат да донесат позитивна одлука што е можно поскоро за започнување на пристапните преговори со двете земји најдоцна до состанокот на Советот во март 2020 година,

6. Подвлекува дека перспективите за членство во ЕУ претставуваат основен поттик за реформи и играат одлучувачка улога во стабилизацијата на Западен Балкан; нагласува дека евентуалната реформа на процесот на проширување не треба да биде предуслов и пречка за оние земји кои веќе ги исполниле барањата за почеток на пристапните преговори и дека крајната цел е полноправното членство во ЕУ, а не било какви евентуални алтернативи на процесот на приклучување, како привилегирано партнерство или ставање во категоријата на соседството на ЕУ,

7. Ја повикува Европската комисија да ги реши прашањата поврзани со проширувањето без одлагање со формулирање конкретни предлози за ефективен, кредибилен и одржлив процес на пристапување и политика за проширување, помагајќи да се да се промени деструктивното недонесување одлука што е можно поскоро;

8. Изразува благодарност на финското претседателство со Советот за напорите да се постигне договор за време на состанокот на Советот во октомври 2019 година и го повикува следното хрватско претседателство да го задржи проширувањето високо на агендата на ЕУ, како клучна алатка за да се обезбеди глобалната улога на ЕУ, да им се укаже на главните градови на ЕУ за придобивките од започнувањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ и потребата да се признаат можностите за трансформациските процеси во земјата;

9. Инсистира на потребата од одржување на принципот на фер и ригорозна условеност и принципот на сопствени заслуги, така што распоредот за пристапување и темпото на преговорите на секоја земја се утврдуваат според брзината и квалитетот на нејзините реформи;

10. Дава поддршка на Берлинскиот процес и на заклучоците од последниот самит во Полска, на кој лидерите недвосмислено ја потврдија својата едногласна поддршка за европската перспектива на Западен Балкан; во таа насока, го поздравува заедничкото претседавање на Република Северна Македонија и Република Бугарија следната година како значаен симбол на сопственост врз процесот, кој треба да придонесе за унапредување на взаемната соработка на земјите од регионот, но и да биде мотивација за решавање на отворените прашања; ја поддржува идејата за одржување на интер-парламентарен состанок во рамките на претседавањето како значаен сегмент на индиректно вклучување на граѓаните и нивен придонес во процесот;

11. Потсетува дека иднината без јасна перспектива за пристапувањето во ЕУ може да доведе до миграција на младите од регионот; ја ре-афирмира важноста на младите за иднината на Западен Балкан и за потребата од зајакнување на нивните перспективи за останување во регионот; ја поддржува работата на Регионалната Младинска Канцеларија за Соработка (РИКО) и очекува испорачување на конкретни резултати во делот на соработката меѓу младите и мобилноста во регионот; го поздравува промовирањето на Младинската лабораторија на Западен Балкан (ЗБ6 Лаб), како модел за регионални иновации за младите лидери;

12. Го поздравува процесот на изработка на Предлог-законот за младинско учество и младински политики во собраниска процедура, кој ги вклучуваше сите засегнати страни, младински организации и партиски подмладоци во Работна група предводена од пратениците од сите пратенички групи, како и претставници на Владата чија што цел е препознавање на формите на младинско организирање и гарантирање на нивното учество во процесите на креирање политики; очекува негово усвојување со консензус и изразува надеж дека ваквите процеси ќе продолжат и во иднина;

13. Го поздравува значителното подобрување на улогата на парламентот како главна институција за политички дијалог и нејзиниот конструктивен ангажман во дијалогот Жан Моне (ЖМД); ги поздравува важните достигнувања на првите два дијалога за усвојување на новиот Етички кодекс и значителниот напредок во реформата на Деловникот, што беа укажувања во Извештајот на ЕК за напредокот; го поздравува планираното одржување на третиот дијалог ЖМД на крајот на јануари 2020 година за да се овозможи консолидација на досегашните достигнувања; препорачува негово продолжување како клучен инструмент за поддршка исто така и по предвремените парламентарни избори во 2020 година;

14. Силно ја охрабрува Северна Македонија да ги продолжи своите напори за понатамошно консолидирање на реформите од суштинско значење за земјата; го поздравува повторното потврдување на националниот консензус за членство во ЕУ од страна на сите политички лидери со што се докажува консензусот за интеграција во ЕУ, како единствена опција за иднината на земјата;

15. Ја поздравува определбата за земјата и постигнатиот добар напредок во решавањето на „Итните реформски приоритети“ и препораките од Венецијанската комисија и Групата на високи експерти за системски прашања на владеењето на правото, вклучително и реформите кои се однесуваат на функционирањето на судството, системот на следење на комуникациите, медиумите и борбата против корупцијата;

16. Потврдувајќи го постигнатиот значителен напредок, потенцира дека треба да се преземат континуирани напори и чекори за понатамошно зајакнување на владеењето на правото и промовирање на независен правосуден систем; повикува да се направат дополнителни напори за враќање на јавната доверба во судството; бара овие реформи да продолжат, вклучително и со изнаоѓање одржливо решение за работата на Специјалното јавно обвинителство; ги охрабрува властите да го усвојат Предлог-законот за Јавното обвинителство за да се обезбеди континуитет во воспоставувањето одговорност за прислушувањата; ги поздравува тековните истраги и постапки, вклучително и оние наведени во Препораките од последниот состанок на МПК од март оваа година; нагласува дека утврдувањето одговорност и донесувањето судски пресуди за сите сторители на кривични дела треба да биде транспаретно и во согласност со законите;

17. Забележува дека и покрај постигнатиот добар напредок и постигнатото ниво на подготовка, корупцијата сѐ уште е распространета во некои области и останува предмет на загриженост; забележува подобрена законска рамка за спречување на корупција и судир на интереси; ја поздравува зголемената транспарентност при именувањето нови членови на Државната комисија за спречување на корупцијата; ги поздравува напорите преземени од Државната комисија за спречување на корупцијата за решавање на случаи на судир на интереси и непотизам; повикува да се користат постојните механизми за да се спречи корупцијата, вклучувајќи и верификација на имотот на јавните функционери; ги повикува сите релевантни органи да ја интензивираат борбата против корупцијата;

18. Ја повикува Северна Македонија да продолжи со напорите против организираните криминални мрежи; да спроведува стратегии против организираниот криминал и да го мери

нивното влијание; го поздравува постигнатиот напредок во подобрувањето на евиденцијата, спроведувањето на законодавните промени, јакнењето на соработката за спроведување на законот и подобрување на оперативниот капацитет за борба против трговијата со луѓе; ја забележува работата на Јавниот обвинител за гонење на организиран криминал и корупција; подвлекува дека координацијата останува клучна за сите засегнати страни вклучени во борбата против организираниот криминал;

19. Го поздравува постигнатиот напредок во спроведувањето на стратегиската рамка за реформа на јавната администрација, подобрените јавни консултации и зголеманата транспарентност и повикува на понатамошно подобрување на одговорноста на администрацијата и спречување на нејзината политизација; ја нагласува потребата да се обезбеди целосно почитување на вработувањето, унапредувањето и отпуштањето од работа врз основа на заслуги, за високи државни служби и други позиции;

20. Забележува континуирано усогласување на правната рамка на Северна Македонија со стандардите на ЕУ во однос на основните права; го поздравува подобреното законодавство против криминалот од омраза и дискриминација, како и решеноста да се бори против насилството врз жените со донесување на акционен план за спроведување на Истанбулската конвенција; повикува да се направат дополнителни напори за доследно ширење и адресирање на препораките на европските и меѓународните тела за човекови права, особено во врска со третманот на притворените лица, жените и лицата со посебни потреби и да се бори против сите дискриминации врз основа на пол, етничка припадност, сексуална ориентација и родов идентитет; повикува на зајакнување на доследното следење на препораките дадени од независни и регулаторни тела; нагласува дека сите политички партии и политичари имаат посебна одговорност за создавање култура на толеранција и инклузија;

21. Забележува континуирано подобрување на работната средина за граѓанските организации и нивната конструктивна улога во поддршката на демократските процеси; ја нагласува потребата за натамошно зајакнување на взаемната контрола и обезбедувањето значајни процеси на консултација меѓу владата и граѓанското општество; ја нагласува важноста за обезбедување на финансиска одржливост на граѓанските организации, како што е поширoко усогласување на даноците и предвидливо јавно буџетирање;

22. Ја забележува подобрената клима за слободата на медиумите и слободата на изразување; ја нагласува потребата политичките елити и јавните службеници да ја поддржуваат слободата на изразување со демонстрирање на повисоко ниво на толеранција кон критиката; повикува да се демонстрира силна политичка посветеност за спроведување на измените во Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги; ја нагласува потребата да се обезбеди независност и професионални стандарди на јавниот радиодифузер, како и негова финансиска одржливост;

23. Го поздравува фактот дека клучните и институционалните реформи ја демонстрираа нивната заложба за справување со долгогодишни предизвици и забележува дека е неопходно да се остане на патот на реформите и уште повеќе да се зајакне стабилноста на економијата; уште повеќе, потврдува дека вработеноста е зголемена за 2% и го поздравува фактот дека има значителен пад на невработеноста кај младите и обрнува внимание на значењето за справување до одливот на мозоци, со особен акцент на младите;

24. Ја нагласува потребата за дополнително зајакнување на надзорот и законодавните функции на парламентот и целосно обновување на взаемната контрола; го поздравува консензусот постигнат низ партиски и етнички линии во парламентот во неколку наврати за закони за кои беше потребно 2/3 мнозинство;

25. Го поздравува напредокот постигнат од страна на владата на Северна Македонија во решавањето и спроведувањето на препораките на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ / ОДИХР); забележува со задоволство дека претседателските избори на 21 април и 5 мај 2019 година беа добро организирани и беа почитувани основните слободи, дозволувајќи им на граѓаните да направат информиран избор помеѓу кандидатите;

26. Нагласува дека поради одложувањето на одлуката за започнување преговори за пристапување со земјата беа закажани предвремени избори во Северна Македонија, што резултираше во губење на кредибилитетот за оние што направија компромиси; инсистира на тоа предвремените парламентарни избори на 12 април 2020 година да се одржат на кредибилен, инклузивен и транспарентен начин, во демократска атмосфера заснована на национално помирување, конструктивен дијалог и учество; ја нагласува потребата за спроведување на преостанатите препораки на ОБСЕ / ОДИХР издадени по претседателските избори;

27. Обрнува внимание на приоритетните препораки на ОБСЕ / ОДИХР, кои бараат ревизија на законодавната рамка, усвојување на законски одредби за обезбедување стабилност и професионалност на изборната администрација, ревизии од Државниот завод за ревизија (ДЗР) кои обезбедуваат сеопфатен преглед на усогласеноста со правилата за финансирање на кампањата, ажурирање и усогласување на податоците низ институциите за да се обезбеди поточен список со избирачи и рафинирани правила поврзани со медиумското покривање на кампањата, финансирање на кампањата и решавање на изборни спорови;

28. Ја поздравува континуираната заложба на Владата за зголемување на довербата меѓу заедниците; ја потенцира важноста на Охридскиот рамковен договор (ОРД) во обезбедувањето рамка за зачувување на мултиетничкиот карактер на општеството;

29. Го поздравува континуираното унапредување на добрососедските односи и регионалната соработка од страна на владата на Северна Македонија; ги охрабрува неодамнешните иницијативи за унапредување на регионалната соработка, како иницијативата меѓу Северна Македонија, Албанија и Србија; потсетува на важноста регионалните иницијативи да ги вклучат сите партнери, да не изолираат ниедна земја од Западен Балкан и да се засноваат на правилата на ЕУ, врз основа на претходно преземените обврски; повторува дека решавањето на билатералните прашања со соседите значително придонесува за помирување на целиот Западен Балкан; повикува на продолжување на ваквите политики, кои претставуваат важен дел од процесот на пристапување во ЕУ;

30. Истакнува дека Северна Македонија во моментот е на пат да стане 30-та членка на НАТО и се надева на брза ратификација на Протоколот за пристапување во НАТО од страна на сите партнери; ја повторува својата верба во позитивното влијание што пристапувањето на Северна Македонија во НАТО ќе го има за мирот и стабилноста во регионот; потенцира дека пристапувањето на Северна Македонија во НАТО е охрабрувачки знак за подобрена клима во регионот.